Машински факултет
Бр.02-46/1
11.1.2011 година
Скопје

Врз основа член 177 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр.35/2008) и член 50 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Деканот на Факултетот на 11.1.2011 година, го донесува следново

# Р Е Ш Е Н И Е
## за усогласување на статусот редовен професор со Законот за високото образование од 2008 год.

Д-р Татјана Кандикјан, избрана по прв пат во наставно-научно звање редовен професор во научната област машински конструкции на Машинскиот факултет во Скопје на 30.9.2004 година го задржува звањето редовен професор доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

## О б р а з л о ж е н и е

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје број 02-2260/1 од 30.9.2004 година, д-р Татјана Кандикјан е избрана по прв пат во звањето редовен професор според одредбите од Законот за високото образование ("Сл.весник на РМ" бр.64/2000, 49/2003, 113/2005 и 51/2007).

Со донесувањето на Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр.35/2008), односно согласно одредбата од член 177 редовните професори кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат според Законот од 2000 година засноваат работен однос на неопределно време и звањето редовен професор го задржуваат доживотно.

Согласно наведеното со ова решение се врши усогласување на статусот редовен професор по прв пат избран во тоа звање според одредбите од Законот за високото образование од 2000 година со Закон за високото образование од 2008 година.

Одлуката да се достави до: именованиот, досието на именованиот и архивата на Машинскиот факултет во Скопје.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Република Македонија
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов